КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2025**

**до 31 декември 2025 година**

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД ..........5

1. Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија..........5

1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ ..........9

1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето ..........9

2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората .......... 18

2.1 Собрание ..........18

2.2 Управен одбор на КИРСМ ..........19

2.3 Претседател на КИРСМ..........26

2.3.1 Претставки и поднесоци .......... 26

2.3.2. Изземање на Извршител .......... 27

2.3.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување .......... 27

2.3.4. Примопредавање .......... 28

2.3.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ .......... 28

2.3.6. Утврдување на просторни услови.......... 28

2.3.7 Членарина.......... 29

2.3.8 Средби и учество на настани.......... 29

2.3.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .......... 31

2.4 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ ..........31

2.5 Надзорен одбор на КИРСМ..........33

2.6 Стручен совет на КИРСМ..........33

2.7 Комисија за стручна едукација на извршители ..........33

2.8 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител..........34

2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа ..........35

2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување......35

3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници ..................................... 35

4.Меѓународни активности на КИРСМ........................................................................................ 36

5.Односи на КИРСМ со домашни институции и регионална соработка ........................................... 37

А .Односи на КИРСМ со домашни институции...................................................................37

Односи со Министерството за правда на РСМ............................................................... 37

Б. Односи на КИРСМ со други домашни институции.................................................... 38

В. Регионална соработка.........................................................................................................39

6.Нормативна активност на Комората на извршители ........................................................... 40

7.Односи на КИРСМ со други институции ............................................................................... 41

8.Односи со медиумите............................................................................................................... 41

9.Планови на Комората за 2026 година....................................................................................... 42

## ВОВЕД

Во насока на исполнување на надлежноста од член 29 став 1 алинеја 15 од Статутот на Комората на извршители на РСМ во натамошниот текст (КИРСМ), Претседателот на КИРСМ го изготви овој извештај за севкупните активности на Комората за 2025 година и го доставува до Собранието на Комората на редовната годишна седница.

Овој извештај има за цел да ги презентира активностите кои Комората на извршители ги преземала во текот на 2025 година, со посебен акцент на анализа на постигнатите резултати во извршувањето, работата на органите на Комората, Стручната служба на КИРСМ, Комисиите и работни тела на Комората, активности преку одржани семинари, обуки и работилници, меѓународната и регионалната соработка на Комората, односите со домашни и странски институции, медиуми и друго.

## 1. Општ преглед за Комората и активностите на извршителите во Република Северна Македонија

Извршителите и замениците на извршителите во Република Северна Македонија задолжително се здружуваат во Комора на извршители на РСМ. Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители запишани во Именик на извршители на ден 31.12.2025 година изнесува 93 извршители, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Северна Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година, е резултат на упис и бришење на извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе упис во Именик на извршители при Комората на извршители, на следните извршители:

1. Извршител Кристијан Климоски за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;
2. Извршител Дарко Топчов за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје;
3. Извршител Христина Темелкова Митев за подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш;
4. Извршител Елена Стрезоска за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење од Именик на извршители при Комората на извршители, на следните извршители:

1. Извршител Зоран Димов од Скопје чија што должност престана со наврщување на 64 години возраст, согласно закон
2. Извршител Јадранка Јовановска од Куманово чија што должност престана, по негово барање;
3. Извршител Петре Темелков од Струмица чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;
4. Извршител Славица Крстевска од Куманово чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон и
5. Извршител Сузана Гилевска од Битола чија што должност престана со навршување на 64 години возраст, согласно закон;

Во оваа извештајна година Министерството за правда на РСМ именуваше **1 (еден)** извршител:

1. Извршител Елена Стрезоска за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен на местото на извршител Сузана Гилевска (поранешен извршител од Битола);

Во оваа извештајна година, вкупниот број на заменици извршители кои се вработени во канцеларијата на извршител, изнесува **18 (осумнаесет)** заклучно со 31.12.2025 година.

На барање на Комората 92 извршители пополнија и приложија до КИРСМ анкетни листови за 2025 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| | **АНКЕТА ЗА 2025 ГОДИНА** | |
|---|---|---|
| 1 | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | **392** |
| 2 | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | **300** |
| | * со средно образование | **75** |
| | *дипломирани правници | **121** |
| | *со друго високо образование | **52** |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | **67** |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | **42** |
| | *основно образование | **1** |
| | *друго (наведете) Више образование | **1** |
| 3 | **Мојот Заменик извршител е:** | |
| | *вработен во канцеларија ( можен одговор ДА или НЕ) | **18** |
| | *друг извршител (можен одговор ДА или НЕ) | **74** |
| 4 | **Број на помошници извршители** | **21** |
| 5 | **Број на волонтери** | **8** |
| 6 | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | **476** |
| 7 | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | **92 одговори ДА** |
| 8 | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | **70** |
| 9 | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | **6964,2 м2** |
| 10 | **Дали користите електронски пристап по чл.41ст.2 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не)** | |
| | *Централен регистар | **72 одговори ДА**<br>**20 одговори НЕ** |
| | *Управа за јавни приходи | **48 одговори ДА**<br>**44 одговори НЕ** |
| | *КИБС | **92 одговори ДА** |
| | *Катастар | **92 одговори ДА** |
| | *е банкинг плаќање | **92 одговори ДА** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Агенција за вработување на РСМ | **92 одговори ДА** |
| | *Управата за водење на матични книги, | **92 одговори НЕ** |
| | *Министерството за внатрешни работи | **92 одговори НЕ** |
| | *Министерство за труд и социјална политика | **85 одговори ДА**<br>**7 одговори НЕ** |
| | *друго (наведете) | **МКБ** |
| **11** | ***On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.)** | **31 одговор ДА** |
| **12** | **Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)** | **92 одговори ДА** |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите и волонтерите, изнесува 300 .

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија без извршител |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 4,35 |
| 2019 | 91 | 362 | 4,02 |
| 2020 | 99 | 351 | 3,61 |
| 2021 | 96 | 335 | 3.48 |
| 2022 | 92 | 329 | 3,57 |
| 2023 | 93 | 327 | 3,51 |
| 2024 | 93 | 309 | 3.32 |
| 2025 | 93 | 300 | 3.22 |

## 1.1 Техничка и кадрова опременост на КИРСМ

Во однос на техничката опременост на КИРСМ, истата располага со: 6 Десктоп компјутери, 4 лаптоп компјутери, 4 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 телевизор, 2 фотокопири, 2 скенери, 3 статични телефонски апарати, мобилни апарати, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на Стручната служба на КИРСМ, се состои од три лица во редовен работен однос на неопределено време. Едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како стручен соработник, едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како правник, едно лице е вработено во редовен работен однос на неопределено време како самостоен референт за архивско и канцелариско работење .

## 1.2 Анализа на постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извешти за работа на извршителите се следните:

Во извештајната 2025 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во извршителските канцеларии изнесува 178.649 барања. Во вкупниот број на примени барања за извршување за 2025 година се изразени примени барања за извршувања кои извршителите ги преземале од канцеларии на извршители чија должност престанала – **Реално ново примени барања за извршувања во 2025 година има 160.730 предмети а останатите 17.919 предмети се предмети кои ги имаат наследено новоименуваните извршители од извршителите чија должност престанала, а согласно Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот истите се појавуваат како новопримени предмети кај новоименуваните извршители**.

Во оваа извештајна година бројот на завршени предмети од страна на извршителите изнесува 77.947 предмети , а процентот на реализација изнесува 43,63%.

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6.335 | 2.750 | 43,41% | 20.217.987,00 € |
| 2007 | 30.098 | 12.102 | 40,21% | 49.294.201,00 € |
| 2008 | 40.141 | 14.332 | 35,70% | 60.054.078,00 € |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2009 | 58.516 | 22.901 | 39,14% | 78.054.164,00 € |
| 2010 | 67.297 | 35.607 | 36,76% | 94.760.634,00 € |
| 2011 | 73.570 | 30.668 | 42,65% | 80.106.316,00 € |
| 2012 | 164.055 | 33.384 | 25,74% | 104.312.352,00 € |
| 2013 | 141.115 | 38.205 | 33,96% | 127.780.882,00 € |
| 2014 | 159.575 | 49.452 | 30,99% | 107.876.768,00 € |
| 2015 | 154.522 | 52.457 | 33,95% | 107.646.962,00 € |
| 2016 | 227.836 | 54.720 | 24,02% | 118.964.677,41 € |
| 2017 | 88.723 | 56.163 | 63,30 % | 166.224.905,97 € |
| 2018 | 112.250 | 62.515 | 55,69% | 126.966.895,41 € |
| 2019 | 121.812 | 57.065 | 46,84% | 123.255.351,58 € |
| 2020 | 101.360 | 42.233 | 41,66% | 123.163.049,63 € |
| 2021 | 123.668 | 59.205 | 47,87% | 130.005.233,91 € |
| 2022 | 152.079 | 58.201 | 38,27% | 144.350.068,56 € |
| 2023 | 170.874 | 64.010 | 37,46 | 159.761.407,17 € |
| 2024 | 167.112 | 73.795 | 44,15% | 160.637.022,28 € |
| 2025 | 178.649 | 77.947 | 43,63% | 137.368.058,18 € |
| **Вкупно за 20 години** | 2.339.587 | 897.712 | **38,37%** | **2.220.801.014,09 €** |

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2025 година изнесува 137,368,058.18 евра.

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2025 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** | **Реализирани барања** | **Процент на реализација** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 4 | 6222 | 2284 | 36,71 | 3.012.414,98 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 6 | 8817 | 4137 | 46,92 | 10.693.267,61 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 11 | 13541 | 5963 | 44,04 | 9.754.892,07 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 9953 | 4186 | 42,06 | 8.302.789,37 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 6 | 12163 | 6402 | 52,64 | 5.890.647,98 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 4 | 6365 | 3352 | 52,66 | 6.482.448,70 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 5 | 7496 | 3632 | 48,45 | 6.026.338,03 € |
| **8. Основен суд граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 33 | 87942 | 36935 | 42,00 | 69.828.472,73 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 8 | 7869 | 2953 | 37,53 | 6.389.844,86 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 5 | 11082 | 4385 | 39,57 | 6.115.541,33 € |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 6 | 7199 | 3718 | 51,65 | 4.871.400,52 € |
| **ВКУПНО:** | **93** | **178649** | **77947** | 43,63 | **137.368.058,18 €** |

Најмногу реализирани барања за извршување од примените во 2025 година или 52.66% има подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, додека пак подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево има најмал процент на реализација на примени барања за извршување во 2025 година односно 36.71%.

Процентот на реализација во 2025 година, кој е изразен како соодносна вкупно реализираните барања за извршување од примените барања за извршување во извештајната година согласно Правилникот за форма и содржина на кварталниот извештај и Годишниот писмен извештај за работата на извршителот е прикажан во табелата за процент на реализација за 2025 година.



Табеларен приказ на процентот на реализација споредбено за последните единаесет години

| Подрачје | Процент на реализација во 2015 година | Процент на реализација во 2016 година | Процент на реализација во 2017 година | Процент на реализација во 2018 година | Процент на реализација во 2019 година | Процент на реализација во 2020 година | Процент на реализација во 2021 година | Процент на реализација во 2022 година | Процент на реализација во 2023 година | Процент на реализација во 2024 година | Процент на реализација во 2025година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 43,92 | 34,96 | 19,52 | 10,23 | 9,81 | 12,38 | 19,21 | 9,33 | 9,65 | 9,63 | 12,10 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 49,6 | 37,07 | 22,96 | 18,53 | 16,09 | 13,99 | 22,38 | 15,70 | 12,16 | 14,54 | 11,32 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 41,08 | 42,59 | 15,67 | 5,81 | 8,33 | 7,67 | 12,61 | 8,10 | 9,64 | 7,33 | 7,74 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 29 | 12,91 | 9,49 | 7,20 | 4,81 | 7,01 | 17,76 | 9,25 | 9,19 | 9,89 | 10,02 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 32,56 | 18,61 | 14,46 | 10,96 | 6,67 | 7,21 | 14,75 | 5,37 | 9,01 | 10,85 | 10,67 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 29,32 | 23,97 | 15,61 | 12,59 | 11,03 | 10,46 | 24,15 | 13,36 | 14,34 | 13,21 | 11,91 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 34,17 | 46,24 | 22,44 | 11,63 | 8,96 | 7,92 | 16,13 | 10,69 | 11,86 | 13,15 | 15,89 |
| **8.Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје** | 31,02 | 19,91 | 14,12 | 9,86 | 10,30 | 9,50 | 16,88 | 11,44 | 10,17 | 13,43 | 11,03 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 39,83 | 37,21 | 21,22 | 8,91 | 9,30 | 9,33 | 13,13 | 9,45 | 8,89 | 7,81 | 9,02 |
| **10. Основен суд Тетово** | 20,58 | 13,12 | 8,23 | 6,55 | 7,09 | 8,39 | 17,01 | 11,86 | 9,73 | 10,90 | 10,22 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 39,28 | 37,65 | 24,72 | 21,12 | 14,21 | 13,28 | 23,56 | 15,50 | 12,99 | 12,08 | 12,82 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во износ од 4,294,451,073.00 денари, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Виница и Основен суд Кочани во износ од 185,263,521.00 денари.



Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од примените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година | 2023 година | 2024 година | 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 | 32372 | 24453 | 32996 | 29239 | 39293 | 32518 | 36326 |
| од 6 до 12 месеци | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 | 4473 | 4411 | 5129 | 5660 | 6364 | 6702 | 7391 |
| од 3 до 6 месеци | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 | 4105 | 3199 | 4636 | 5238 | 5495 | 6397 | 6431 |
| до 3 месеци | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 | 16407 | 13083 | 20344 | 22637 | 25168 | 28106 | 27882 |

Споредбено по години, во бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите во 2025 година се забележува зголемување, па во оваа извештајна година реализирани се вкупно 77.947 извршни исправи.



## Износ на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од квартални извештаи за 2025 година, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 2.477.901,33 евра.  Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 105.350.304,00евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РСМ, додека пак во полза на физичките лица - доверители реализирани се 31.174.470,63 евра

| наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2025 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | 1.917.229.944,00 ден | 31.174.470,63 € |
| - за правни лица | 6.479.043.696,00 ден | 105.350.304,00 € |
| - за РМ | 152.390.932,00 ден | 2.477.901,33 € |



# Износ на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2025 година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 63.466.121,67 евра, потоа од физички лица износ од 50.866.174,54 евра и крајно од Република Северна Македонија износ од 24.802.218,59 евра.

| наплатени средства според должници | Износ во денари и евра за 2025 година | |
|---|---|---|
| - од физички лица | 3.128.269.734,01 ден | 50.866.174,54 € |
| - од правни лица | 3.903.166.482,99 ден | 63.466.121,67 € |
| - од РМ | 1.525.336.443,00 ден | 24.802.218,59 € |



Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2025 година е вкупно 18 барања за извршување




## 2. Активности на КИРСМ преку органите и комисиите на Комората

### 2.1 Собрание

Собранието на КИРСМ во текот на оваа извештајна година одржа седница на Редовно Годишно Собрание.

На седница на 19-то Редовно Годишно Собрание на КИРСМ одржано на ден 27.02.2025 година во хотел Сириус, Струмица беа донесени следните одлуки:

„Се усвојува Годишен извештај за работата на Комората на извршители на РСМ за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.“

„Се усвојува Годишната сметка и Финансиски извештај за работата на КИРСМ за 2024 година.“

„Се усвојува Финансиски план на КИРСМ за 2025 година.“

„Се утврдува дека прославата на 20 години од основање на Комората на извршители на РСМ ќе се одржи на ден 06.06.2026 година.“

„Се избира извршител Дашмир Саити од Тетово за член на Управен одбор на Комора на извршители на РСМ за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, со мандат од три години сметано од 27.02.2025 година.“

„Се избира Зоран Глигоров - судија на Основен суд Кочани за член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Судски совет на РСМ, со мандат од три години сметано од 27.06.2025 година.“

„Се избира Цона Каламерникова - судија на Основен суд Струмица за заменик член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Судски совет на РСМ, со мандат од три години сметано од 27.06.2025 година.“

„Се избира Осман Шабани - судија на Апелационен суд Скопје за член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Судски совет на РСМ, со мандат од три години сметано од 27.06.2025 година.“

„Се избира Габриела Гајдова - судија на Апелационен суд Скопје за заменик член на Дисциплинска комисија на Комора на извршители на РСМ по предлог на Судски совет на РСМ, со мандат од три години сметано од 27.06.2025 година.“

„Се избира извршител Игор Ромевски од Скопје, за член на Надзорен одбор на Комора на извршители на РСМ со мандат од три години сметано од 26.03.2025 година.“

## 2.2 Управен одбор на КИРСМ

Управниот одбор на КИРСМ во текот на 2025 година има одржано **6** (шест) седници на кои се донесени **107** (сто и седум ) одлуки и беше усвоен еден Став.

Како поважни одлуки донесени од страна на Управниот одбор на КИРСМ, се издвојуваат:

Се менува Одлука дел бр. 02-547/10 од 27.10.2020 година донесена на 209-та седница на УО на КИРСМ и истата гласи:

Се определува Коморската уписнина да изнесува 12.500,00 денари.

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

Одлуката дел бр. 02-547/10 од 27.10.2020 година донесена на 209-та седница на УО на КИРСМ престанува да важи.

Се закажува 19-то Редовно годишно собрание на КИРСМ на ден 27.02.2025 година-четврток со почеток во 10 часот, во хотел Сириус, Струмица.

Семинар на извршители ќе се одржи на ден 28.02.2025 година – петок во хотел Сириус, Струмица.

Се овластува Претседателот на Комората на извршители на РСМ условно да склучи Меморандум за соработка со Американски Универзитет на Европа- ФОН Скопје имајќи предвид дека времетраењето на Меморандумот е една година од неговото склучување.

Се разгледа План на активности за 2025 година за Комората на извршители на РСМ во врска со проект „Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан“ финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, а имплементиран од страна на Центарот за меѓународно правна соработка од Хаг.

За член на Стручен совет на КИРСМ се избира судија Мери Дика Георгиевска, Претседател на Апелационен суд Скопје со мандат од една година сметано од 12.04.2025 година до 12.04.2026 година.

Се усвојува Барање дел.бр. 03-116/1 од 11.03.2025 година на извршител Јадранка Јовановска од Куманово и истата се разрешува од функција- член на Комисија за нормативна дејност на КИРСМ избрана согласно Одлука дел.бр.02-652/4 од 11.12.2020 година на Управен одбор на КИРСМ.

За член на Комисија за нормативна дејност на КИРСМ се избира извршител Катерина Кокина од Скопје.

Се разрешува извршител Методија Костадинов од Скопје од функцијата – член и извршител Александар Чамовски од Струмица од функцијата – заменик член на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата избрани согласно Одлука дел.бр. 02-461/9 од 21.12.2022 година на Управен одбор на КИРСМ.

Се избира извршител Гордан Станковиќ од Скопје за член на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата со мандат од три години сметано од 27.03.2025 година до 27.03.2028 година.

Се избира извршител Игор Ромевски од Скопје за заменик член на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите

и правилна примена на Тарифата со мандат од три години сметано од 27.03.2025 година до 27.03.2028 година.

Се утврдува дека Семинар на извршители ќе се одржи на ден 30.05.2025 година- петок со почеток од 12:00 часот до 18:00 часот во Винарија Шато Сопот, Велес.

Се утврдуваат следните теми за семинар на извршители:

1.”Стечај и извршување”- претставници од Комора на стечјни управници и модератор извршител Зорица Симиќ;

2. „Одговорност на управителот и основачот- основачите за долгот на правното лице”- предавач Проф. д-р Горан Коески и модератор извршител Весна Јакимовска и

3. „Дискусија по конректни прашања од извршители”- дополнително ќе се номинираат модератори.

Се формира Комисија за примопредавање на предмети, списи и евиденција која се водела кај поранешен извршител Александар Тасевски од Скопје на извршител Ивана Нешовска од Скопје во состав од:

1.Методија Костадинов, Потпретседател на КИРСМ;

2. Извршител Бране Милчевски од Струмица;

3. Извршител Зорица Симиќ од Скопје и

4. Кристина Терзиевска Вучевска, Стручна служба на КИРСМ

Се прифаќа понуда дел.бр.03-90/1 од 18.02.2025 година од Фоксит ДОО Скопје.

Се овластува Претседателот на КИРСМ да склучи Анекс договор со Фоксит ДОО Скопје за одржување, имплементација, користење и одржување на софтвер за електронска архива, одржување на комјутерска опрема и Web страна на КИРСМ за период од една година сметано од 01.03.2025 година до 01.03.2026 година .

Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ по повод активностите во работната група при Министерството за правда за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по дадените информации од страна на Претседателот на Комората како и известувањето од заменик членот на работната група номиниран од Комората на извршители на РСМ – извршител Билјана Николовска од Куманово доставено до Претседателот и Управниот одбор на КИРСМ, дава целосна

поддршка на досегашниот придонес на своите претставници, извршител Николче Диневски од Битола и извршител Билјана Николовска од Куманово во работната група при Министерството за правда за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на ЗИ.

Управниот одбор на КИРСМ смета дека поради сериозноста на состојбата и тоа што се работи на наш закон кој директно го применуваме во спроведувањето на извршните дејствија , да не се дозволи да немаме наши претставници а со оглед на итната потреба од измени на Законот за извршување и смета дека преку своите претставници треба да учествува во работата на работната група при Министерството за правда на РСМ а работната група прифати да се разгледуваат и да се дикустираат предлозите за измени и дополнувања на Законот за извршување изготвени од страна на Комисијата за нормативна дејност на КИРСМ.

Комората на извршители на РСМ имајќи ги во предвид последните состојби во работната група при Министерството за правда на РСМ за изготвување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, писмено да се обрати до Претседателот на работната група при Министерството за правда а на запознавање истото да се достави до Министерот за правда, Заменик министерот за правда и до Државниот секретар при Министерството за правда со цел изнаоѓање на соодветно решение за актуелните состојби и предизвици во функционирањето на работната група.

Со барањето, Комората ќе укаже на потребата од поголема инклузивност и конструктивен пристап во работата на групата, при што ќе се инсистира предлозите, ставовите и забелешките на Комората да бидат земени во предвид и разгледани во понатамошната работа. Комората има подготвени конкретни предлози и решенија од практиката кои можат значајно да придонесат кон подобрување на регулативата и функционирањето на системот за извршување, поради што е важно тие да бидат активно разгледани.

Се задолжува Стручната служба на КИРСМ да ги отстрани од веб сајт на КИРСМ Правно мислење дел.бр.02-571/11-2 од 09.11.2020 година и Дополнение на правно мислење дел.бр. 02-209/6-1 од 29.04.2021 година на Управен одбор на КИРСМ од причина што, постои Одлука на Уставен суд на РСМ бр. 94/2019 објавена во Службен весник бр. 136 од 27.05.2020 година со која се укинува член 18 став 2 од Закон за извршување ( Службен весник бр. 72/16, 142/16 и 233/18).

Се разгледа Барање дел.бр. 03-321/1 од 09.07.2025 година доставено од извршителите именувани на подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш.

Управниот одбор согласно член 78 став 1 точка б) од Законот за извршување, со писмен допис ќе го проследи барањето до Министерството за правда а во кој допис дополнително ќе укаже од потребата за итни измени на Правилниот за бројот на извршители, намалениот обем на работа на извршителите, намалениот број на пријавени кандидати на конкурси, намалената исплатливот и зголемени трошоци за извршување.

Се формира работна група за изработка на нов Кодекс на професионална етика на извршителите во состав од:

1.Извршител Данче Попчотрова –Ѓеоргиева од Струмица,

2.Извршител Александар Чамовски од Струмица,

3. Извршител Васко Блажевски од Скопје и

4.извршител Влатко Лалков од Кавадарци

За техничка поддршка на работната група за изработка на нов Кодекс на професионална етика на извршителите се определува Љубица Новјановска Брајковска од Стручна служба на КИРСМ.

Се одобрува Одлука дел.бр.04-362/3 од 02.09.2025 година на Претседател на КИРСМ за избор на извршител Зорица Симиќ од Скопје и Весна Деловска Претседател на КИРСМ како претставници на КИРСМ за учество на Постојниот совет на МУСИ, 18–22 ноември 2025 година, Париз.

Се одобрува одлука за избор на Весна Деловска, Претседател на КИРСМ за учесник на Завршна конференција – Матра проект во соработка со CILC „Зајакнување на извршувањето во земјите од Западен Балкан во период од 02- 04.07.2025 година во Бар, Црна Гора и одлука за учество на претставници на КИРСМ на фудбалски турнир на ден 02.07.2025 година во Бар, Црна Гора.

Се избираат Весна Деловска Претседател на КИРСМ и извршител Кети Арсова од Скопје за членови на делегација од Комора на извршители на РСМ за учество на Меѓународна конференција како дел од 18- ти Светски ден на судски извршители - „Вештачка интелегенција, дигитални алатки и предизвици за спроведување на обврските за издршка" во период од 11.06-13.06.2025 година во Алмати, Казахстан.

За членови на Стручен совет на КИРСМ со мандат од една година сметано од 06.10.2025 година до 06.10.2026 година се избираат:

Извршител Емилија Павловска од Штип,

Владимир Јанковски од Министерство за правда,

Професор д-р. Милка Ракочевиќ од Правен факултет''Јустинијан први'' Скопје и

Професор д-р. Ангел Ристов од Правен факултет''Јустинијан први'' Скопје

Се утврдува дека Семинар на извршители да се одржи во период од 28, 29 до 30 ноември 2025 година во х.Изгрев - Струга или х.Јуник - Охрид, во зависност од понудите.

Се избира извршител Александар Чамовски од Струмица, извршител Зорица Симиќ и извршител Александар Максимовски од Скопје, како претставници на КИРСМ за учество во активностите во организација на Агенција за катастар за недвижности, по повод имплементација на нов софтвер со графички едитор поврзани со задача: развој и имплементација на работните процеси во новиот модул за професионални корисници за катастарот на недвижности и катастарот на инфрастуктурни објекти како дел од катастарот на недвижности( планиран почеток на активноста 10.09.2025 година).

Се задолжуваат претставниците на Комората, извршител Николче Диневски од Битола и извршител Билјана Николовска од Куманово како членови во работната група при Министерството за правда за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на ЗИ, да доставаат извештај до членовите на УО на КИРСМ и до членовите на Комисијата за нормативна дејност при КИРСМ за следното:

- Известување за термин и број на одржани состаноци во Министерството за правда на РСМ;
- Известување какви активности во работната група при Министерството за правда имаат Претставниците на Комората на извршители на РСМ и што е сработено до сега;
- Известување дали се доставени предлозите на Комисијата за нормативна дејност при КИРСМ, до работната група при Министерството за правда за изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на ЗИ ;
- Известување дали предлозите изготвени од Комисијата за нормативна дејност при КИРСМ, се рагледувани од работната група и дали се прифатени и

- Да се достави пречистен текст од Законот за извршување, со имени и дополнувања кои се прифатени од работната група и евидентирани во Предлог измена и дополнување на

ЗИ, кој е во прилог кон е-маилот од 10.09.2025 година од извршител Билјана Николовска, до сите членови на Комисијата за нормативна дејност при КИРСМ.

Се разгледа Барање дел.бр. 03-436/1 од 05.11.2025 година доставено од извршителите именувани на подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка.

Управниот одбор согласно член 78 став 1 точка б) од Законот за извршување, со писмен допис ќе го проследи барањето до Министерството за правда а во кој допис дополнително ќе укаже од потребата за итни измени на Правилниот за бројот на извршители, намалениот обем на работа на извршителите, намалениот број на пријавени кандидати на конкурси, намалената исплатливот и зголемени трошоци за извршување.

За членови на Организационен одбор задолжен за реализирање на јубилеен настан одбележување на 20-годишнината на КИРСМ (05–07.06.2026 година) се избираат:

- Претседател на УО на КИРСМ Весна Деловска од Скопје;

- Извршител Буневски Андреја од Скопје;

- Извршител Катерина Кокина од Скопје и

- Извршител Зорица Симиќ од Скопје.

За членови на Комисија за надзор и правилна примена на тарифа со мандат од три година сметано од 01.01.2026 година до 01.01.2029 година се избираат:

- Извршител Васко Еленов од Кавадарци- член

- Извршител Александар Кузмановски од Гостивар - заменик член.

За членови на Комисијата за спроведување на Конкус за именување на извршител со мандат од три година сметано од 01.01.2026 година до 01.01.2029 година се избираат:

- Извршител Катерина Кокина од Скопје и

- Извршител Александар Максимовски од Скопје.

За членови на Комисијата за едукација со мандатот од 17.01.2026 година до 17.01.2028 година се избираат

Извршител Весна Јакимовска од Гостивар;

Извршител Моника Муча од Скопје и

Извршител Благој Бањански од Неготино.

## 2.3 Претседател на КИРСМ

### 2.3.1 Претставки и поднесоци

До Комората на извршители на РСМ во периодот од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година беа доставени вкупно 116 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРСМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот. Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2025 година, решени се 116 (сто и шеснаесет), 3(три) се префрлуваат за следната 2026 година, 3 (три) претставки префрлени од 2024 година, беа решени во 2025 година. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРСМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 116.

Исто така, Претседателот на Комората во текот на 2025 година достави одговори и по повод Барања податоци доставени од страна на Јавно обвинителство Делчево, по барања доставени од министерства и државни органи во врска со примена на одредбите од Законот за извршување, како и по барања за достава на податоци и информации од други органи и институции во врска со поднесени претставки во КИРСМ.

Во извештајната година нема заведено управни спрови против Известувања по претставки.

Во текот на 2025 година Претседателот на КИРСМ како законски застапник на Комората ја застапуваше КИРСМ, како тужена страна пред Управен суд на РСМ во вкупно 12 управни постапки, од кои: 11 ( единаесет) управни постапки поведени против 7 (седум) Решенија на Дисциплинската комисија при КИРСМ и во 1 (една) управна постапка поведена против, Одлука на Собрание на КИРСМ. Претседателот на КИРСМ активно учествуваше на повеќе од 10 јавни расправи, закажани од страна на Управниот суд, во постапките поведени против решенијата на ДК при КИРСМ. Во 2025 година останаа како активни постапката пред Основен суд Кичево по предмет со бр.П4-50/24 и пред Апелационен суд Скопје по жалба на Пресуда предмет ТС1 62/24.

Претседателот на Комората во 2025 година уредно и навремено постапи по сите доставени Барања податоци и информации од Народен правобранител на РСМ, со

известување за превземање дејствија по претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по барања за достава на податоци и информации од други органи и институции во врска со поднесени претставки во КИРСМ. По барање од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Претседателот на Комората достави одговор со прилог списи до Комисијата, произнесувајќи се по претставка поднесена од извршител против работата на Комората.

### 2.3.2. Изземање на Извршител

Претседателот на КИРСМ во текот на 2025 година, одлучуваше по **10 (десет)** поднесени Барања за изземање на извршител во постапка на извршување по конкретен предмет. Од страна на Претседателот на КИРСМ се донесени **10 (десет)** Решенија со кои се уважува Барањето за изземање, со што извршителот е изземен од извршување по конкретен предмет.

### 2.3.3. Упис во Именици, легитимација, потврди и склучен договор за осигурување

Претседателот на Комората во текот на 2025 година донесе **4** (четири) Решенија за упис на извршител во Именик на извршители; **4** (четири) Решенија за бришење на извршител од Именик на извршители; 16 (шестанесет) Решенија за упис на заменик извршител во Именик на заменици на извршителите; **7** (седум) Решенија за бришење на заменик извршител од Именик на заменици на извршителите; **2** (две) Решенија за упис на помошник извршител во Именик на помошници; **3** (три) Решенија за упис на приправници во Именик на приправници.

Претседателот на КИРСМ во текот на 2025 година по поднесено барање, издаде **7** (седум) потврди по барање од лица запишани во имениците што ги води КИРСМ.

Претседателот на Комората на извршители на РСМ и во оваа извештајна година внимаваше извршителите да постапат согласно член 43 од Законот за извршување, да достават до Комората доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета односно обновена полиса за осигурување во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување. Претседателот постапувајќи согласно закон внимаваше најнискиот износ на осигурување да изнесува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РСМ на денот на склучување на полисата за осигурување. Сите активни извршители во периодот на своето постапување во текот на 2025 година уредно

и навремено доставија до Комората, доказ за склучен договор за осигурување од одговорност од штета.

### 2.3.4. Примопредавање

Комората на извршители преку формирани Комисиии во текот на 2025 година спроведе **5 (пет)** постапки на примопредавања на списи, архивирани завршени предмети, книги, електронската евиденција и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот односно определениот извршител, согласно член 74 став 6 од ЗИ, и тоа:3 (три) постапки на примопредавање се спроведени на подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје, 1 (една) постапка на примопредавање се спроведе на подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш и 1 (една) постапка на примопредавање се спроведе на подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен.

### 2.3.5. Веб страна на Комората на извршители на РСМ

Во текот на 2025 година, веб страната на Комората редовно се дополнува со нови информации и податоци. Претседателот на Комората грижејќи се Комората да дејствува согласно со закон, на веб страната на Комората редовно беа објавувани доставени од извршители, Заклучоци за продажба на недвижност со усно јавно надавање, Заклучоци за продажба на подвижни предмети, Заклучоци за продажба на недвижност со непосредна спогодба како и Заклучоци за поправање на грешки во актите на извршителот. Стручната служба на КИРСМ во текот на 2025 година изврши објава на **778** (седумстотини седумдесет и осум) огласи во делот на недвижен имот и **222** (двеста и дваесет и два) огласи во делот на подвижен имот , односно вкупно **1000** (илјада) огласи за продажба.

### 2.3.6. Утврдување на просторни услови

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларија на извршител со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи („Службен Весник на РМ" бр.226/16 од 30.12.2016 година). Врз основа на спроведениот увид, Претседателот донесе **3 (три)** позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

### 2.3.7 Членарина

Претседателот на КИРСМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини нема поднесено предлог до надлежен нотар за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог.

### 2.3.8 Средби и учество на настани

Во текот на 2025 година Претседателот на КИРСМ оствари повеќе средби со претставници на институции. Од остварените работни средби како најзначајни се издвојуваат следните:

- На ден 09.04.2025 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари работна средба со директорот на Агенцијата за Катастар на недвижности Иван Живковски.
- На ден 16.04.2025 година, Претседателот на КИРСМ Весна Деловска оствари состанок со поранешниот извршител г. Благојче Кипровски, во насока на размена на информации и обезбедување административна поддршка.
- На ден 18.04.2025 година се одржа состанок помеѓу Претседателот на Адвокатската комора на Република Северна Македонија Љубомир Михајловски и Претседателот на КИРСМ Весна Деловска.
- На ден 14.05.2025 година се одржа работилница за развој на секторска стратегија за правосудството. Комората беше претставена од извршителот Васко Блажевски, кој активно учествуваше во дискусиите за системско унапредување на правосудниот сектор.
- На ден 16.05.2025 година се одржа состанок со началникот на Секторот за внатрешни работи при МВР, Сашо Тополановски. На состанокот беше разговарано за подобрување на ефикасноста и координацијата во постапките за асистенција од страна на полицијата.
- На ден 22.05.2025 година се одржа средба на делегација од Комората со Министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски. На средбата присуствуваше претседателот на КИРСМ Весна Деловска, Потпретседателот Методија Костадинов, извршител Зорица Симиќ и извршител Зоран Петрески, а целта беше решавање на проблемот со обезбедување полициска асистенција при спроведување на извршувањата.
- На ден 29.05.2025 година делегација на Комората и тоа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска, извршител Катерина Комикина и извршител Васко Блажевски остварија состанок со Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија,

Бранко Азески. На средбата се разгледуваа можности за соработка со цел поддршка на деловната заедница и обезбедување поефикасни механизми за наплата на побарувања.

- На ден 03.06.2025 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ учествуваа на промоција на Годишниот извештај за 2024 година и развој на секторска стратегија за правосудството 2024–2028.
- На 08.07.2025 година се одржа Форум Европеум 2025, во организација на Институтот за европска политика – ЕПИ. На настанот присуствуваа Претседателот Весна Деловска и извршител Васко Блажевски.
- На 16.07.2025 година претседателот Весна Деловска и извршителот Зоран Петрески одржаа состанок со Тони Трајанов со претставници од Македонското кредитно биро. На состанокот беа разгледани прашања од заеднички интерес.
- На ден 10.09.2025 година Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и извршител Александар Максимовски одржаа состанок со Радица Лазареска Геровска од Министерството за правда и претставници на Фондот за пензиско и инфалидско осигурување Скопје. Дискутирани беа актуелни прашања и дефинирана потреба од склучување на Меморандум за соработка.
- На 3.10.2025 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Фондот за ПИОСМ, Министерството за правда и КИРСМ, а со цел унапредување на меѓуинституционалната соработка.
- На ден 17.10.2025 година се одржа состанок со претставници на Министерството за финансии со претседателот Весна Деловска и извршителот Зорица Симиќ, на кој се разгледуваше примената на законските одредби поврзани со уплатата на плати и придонеси по основ на судски пресуди.
- На ден 05.12.2025 година извршителот Васко Блажевски член на Управен одбор на КИРСМ и извршител Зорица Симиќ учествуваaa на презентација на Развојна секторска стратегија за правосудството 2024–2028 со Акциски план.
- На ден 10.12.2025 година – Претседателот Весна Деловска присуствуваше на промоција на софтвер за дигитално поврзување на Управниот суд со јавните органи и Вишиот управен суд, со цел подобрување на дигитализацијата на правосудните процеси.

- Во месец декември 2025 година Претседателот Весна Деловска и извршител Моника Муча реализираа работна средба и со Претседателот на Основниот граѓански суд Бесник Авдија на која се разговараше за воедначување на судската пракса.

### 2.3.9 Соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година до Комората на извршители на РСМ се поднесени 5 (пет) барања за пристап до информации од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ, позитивно одговори на 4 (четири) барања, со тоа што по две барања донесе Решенија за одобрување на пристап, а по две барања донесе Решенија за одобрување на делумен пристап до информации од јавен карактер. Комората на извршители на РСМ, 1 (едно) поднесено барање го отфрли како неуредно. Комората на извршители на РСМ уредно ја исполни својата обрска, изготви Годишен извештај за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година и истиот го достави до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 2.4 Дисциплинска комисија (ДК) при КИРСМ

поведување на дисциплинска постапка од овластените предлагачи, од кои: 12 ( дванаесет) предлози беа доставени од страна на Министерството за правда на РСМ, 1 (еден) предлог од страна на Претседателот на Комората на извршители на РСМ, а без предлог е Претседателот на основниот суд на чие подрачје е седиштето на извршителот.

Од страна на ДК при КИРСМ во текот на 2025 година во целост беше постапено по 12 предмети, од кои 10 примени во тековната година и 2 префрлени од предходната година. Од страна на ДК при КИРСМ беа донесени, 14 решенија, и тоа: 6 (шест) решенија со кои се одбива предлогот за поведување на дисциплинска постапка; 1 (едно) Решение со кое се изрекува парична казна; 1 (едно) Решение со кое се изрекува Привремено одземање на правото за вршење на должност извршител во траење од 3 месеци; 2 (две) Решенија со кои се изрекува Трајно одземање на правото за вршење на должност извршител; 2 (две) Решенија со кое се изрекува привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија и 2 (две) Решенија со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка како ненавремен.

По 3 (три) предмети ќе се одлучува во текот на 2026 година.

| Година | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршители | 96 | 92 | 93 | 93 | 93 |
| Вкупен број на предлози за Дисциплинска посапка | **6** | **7** | **8** | **15** | **13** |
| Решение со кое се одбива предлогот – не е сторена дисциплинска повреда | 1 | 6 | 8 | 10 | 6 |
| Дисциплинска мерка – парична казна | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Дисциплинска мерка – писмена/ јавна опомена на извршител | /// | /// | /// | /// | /// |
| Решение – привремена забрана за вршење на должност извршител - суспензија | 1 | /// | /// | 1 | 2 |
| Решение – Трајно одземање на правото на вршење на должност извршител | /// | /// | /// | /// | 2 |
| Решение –Привремено одземање на правото за вршење на должност | 1 | /// | /// | 1 | 1 |
| Решение –се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка | 4 | 1 | /// | 1 | 2 |

Во текот на 2025 година, против **5 (пет) решенија на ДК при КИРСМ** донесени во 2025 година, беа поведени 9 управни постапки, и тоа против: 2 (две) Решенија со кои се изрекува Трајно одземање на правото за вршење на должност извршител; 2 (две) Решенија со кое се изрекува привремена забрана за вршење на должност извршител – суспензија и 1 (едно) Решение со кое се изрекува парична казна. Исто така, во 2025 година продолжија 2 управни постапки започнати во 2024 година, против **2 (две) решенија на ДК при КИРСМ** донесени во 2024 година, и тоа: 1 (едно) Решение со кое се изрекува Привремено одземање на правото за вршење должност извршител во траење од 6 месеци и 1 (едно) Решение со кое се изрекува привремена забрана за вршење на должност извршител – суспензија. Во 2025 година останаа неправосилни наведениве 7 (седум) решенија на ДК при КИРСМ, односно против нив се во тек управни постапки пред Управните судови на РСМ**.**

## 2.5 Надзорен одбор на КИРСМ

Надзорниот одбор во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2025 година, одржа четири седници на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди во текот на 2025 година. Врз основа на обврската од Статутот на КИРСМ, Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[1] .

## 2.6 Стручен совет на КИРСМ

Стручниот совет на КИРСМ во текот на 2025 година одржа пет седници од кои една конститутивна, на која беше избран претседател на Стручен совет на КИРСМ и заменик претседател на Стручен совет на КИРСМ.

Во 2025 година до Стручен совет на КИРСМ доставени се 13 ( тринаесет ) барања за правни мислења

Управниот одбор на КИРСМ во 2025 година, усвоил едно изменето и дополнето правно мислење дел.бр. 02-721/2-2 на Управен одбор на КИРСМ од 19.08.2016 година.

Управниот одбор на КИРСМ во 2025 година , не усвоил три става на Стручен совет на КИРСМ .

Управниот одбор на КИРСМ во 2025 година вкупно усвоил осум ставови од кои: со Одлука потврдил два става за предходно усвоени Правни мислења и тоа:1. Правно мислење дел.број 02-12/16-3 од 04.01.2018 година и 2. Правното мислење дел.број 03-429/32 од 16.08.2019 година ,усвоил два заклучоци и донел три одлуки од кои една Одлука по повод став на Стручен совет на КИРСМ во врска со примена на Одлука на Уставен суд бр 94/2019 објавена во Сл. весник бр 136 од 27.05.2020 година , со која се укинува член 18 став 2 од Законот за извршување ( Сл.весник на РМ бр 17/16,142/16 и 233/18)

## 2.7 Комисија за стручна едукација на извршители

Комисијата во состав од пет члена, во текот на 2025 година одржа три седници на кои донесе одлуки. Комисијата на седница одржана на ден **24.01.2025** година донесе Предлог програма за задолжителна едукација на извршителите за 2025 година и усвои предлог теми за семинар на извршители предвиден за февруари 2025 година.

Комисијата одржа седница на ден 25.04.2025 година на која утврди предлог теми за семинар на извршители предвидена за мај/јуни 2025 година.

[1] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРСМ

Последната седница на Комисијата за едукација се одржа на ден 09.09.2025 година на која Комисијата донесе одлука со која утврди предлог теми за семинар на извршители за месец ноември 2025 година.

## 2.8 Комисија за спроведување на постапка за именување на изршител

Во текот на оваа извештајна година, Комисијата за спроведување на постапка за именување на извршител одржа 2( две) седници.

На ден 05.03.2025 година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен во ''Сл. весник бр. 32 од 13.02.2025 година од страна на Министерството за правда за именување на 1 (еден) извршител за подрачје на место на извршител чија должност престанала: еден за подрачјето на Основниот суд Битола и Основниот суд Ресен – на место на извршителот Сузана Гилевска од Битола.

На седницата, беа разгледани 2 (две) пријави со прилози од кандидати за именување извршител за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 2 (два) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, за што беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

На ден 09.07.2025 година, беше одржана седница на која беше разгледан Конкурс објавен во ''Сл весник на РСМ бр. 123 од 19.06.2025 година'' од страна на Министерството за правда за именување на 1 ( еден) извршител: еден за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје – на место на извршителот Зоран Димов од Скопје, на кого му престана должноста извршител; и еден за подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш – на местото на извршителот Петре Темелков од Радовиш, на кого му престана должноста извршител. На седницата, беа разгледани 9 (девет) пријави со прилози од кандидати за именување на еден извршител за подрачјето на Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје и еден за подрачјето на Основниот суд во Струмица и Основниот суд во Радовиш, доставени во Комората на извршители на РСМ по повод објавениот Конкурс. Од страна на Комисијата, беше утврдено дека 7(седум) кандидати ги исполнуваат условите за именување на извршител согласно чл.33 од Законот за извршување, за што беше изготвено мислење од страна на Комисијата.

## 2.9 Комисија за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

Во оваа извештајна година, Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа, изврши 4 (четири) надзори над работењето на извршителите за правилна примена на Тарифата по што до Управниот одбор на КИРСМ достави 4 (четири) Записници за извршен надзор по овластување на Управен одбор на КИРСМ.

## 2.10 Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( „Службен Весник на РМ" бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно Собрание на Комората на извршители на Република Северна Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, со одлука на Управен одбор на КИРСМ се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РСМ за 2025 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РСМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите. Согласно доставените **211 (двеста и единаесет)** извештаи од извршителите за присуство во просториите на општините, согласно Годишниот распоред за период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, може да се согледа дека во текот на 2025 година не е примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител, присутен на одредениот ден во просториите на општината.

# 3.Активности на КИРСМ преку одржани семинари, обуки и работилници

## Семинар на извршители

Комората на извршители на РСМ, оваа тековна година организираше и одржа **3** (три) семинари на извршителите, и тоа:

1. На ден 28.02.2025 година Комората на извршители на РСМ во соработка со Центарот за меѓународна правна соработка (CILC) во рамки на проектот:„Зајакнување на извршувањето во Западен Балкан", организираше семинар на извршителите кој се одржа во хотел Цар Самоил, Струмица. На семинарот беа обработени следните теми: „Извршителите

и соработката со медиумите и институциите“; „Кривична и материјална одговорност на извршител чија должност престанала“ и „Врските- комуникацијата и односите на извршителите со трети учесници.“

2. На ден 30.05.2025 година се одржа семинар на извршителите во винарија Шато Сопот, Велес. На семинарот беа обработени следните теми:„Стечај и извршување”; „Одговорност на управителот и основачот/основачите за долгот на правното лице” и „Дискусија по конкретни прашања од извршители.”

3. На ден 28.11.2025 година и 29.11.2025 година, се одржа семинар во хотел UNIQUE Resort and Spa, Охрид. На семинарот беа обработени следните теми:„ Разгледување на Извештај дел. бр. 03-424/1 од 24.10.2025 година изготвен од Претставници на КИРСМ извршител Николче Диневски од Битола и извршител Билјана Николовска од Куманово, за учество во работна група при Министерство за правда на РСМ, за изготвување на Предлог за изменување и дополнување на Законот за извршување”, „Извршност на нотарски акти кога не содржат клаузула за извршност и отворена дискусија за НПН решение (правосилни и извршни)”, „Проблеми во наплатата на побарувањата” и „ Извршување врз акции и обврзници”.

## 4.Меѓународни активности на КИРСМ

Оваа извештајна година, КИРСМ со своите активности беше присутна и на меѓународен план.

Во периодот од 12 до 16 мај 2025 година, беше реализирана студиска посета во Хаг, Кралство Холандија, на која учествуваа Претседателот на КИРСМ Весна Деловска и претставник од Министерството за правда. Во рамките на посетата, делегацијата присуствуваше на Пролетниот постојан совет на Меѓународната унија на судски извршители (UIHJ / МУСИ), каде што Комората учествува како полноправен член, со што се придонесе кон зајакнување на меѓународната соработка и размена на добри практики во областа на извршувањето.

Во периодот од 9 до 15 јуни 2025 година, делегација на Комората учествуваше на Меѓународна конференција за дигитализација, одржана во Алмати, Република Казахстан. Во рамките на конференцијата, Претседателот на Комората, г-ѓа Весна Деловска, имаше свое формално излагање на тема: „*Издршка за деца: законска рамка, извршна практика и меѓународни аспекти во Република Северна Македонија*“.

Учеството на конференцијата придонесе кон промоција на националната правна рамка и практиката во областа на извршувањето, како и кон размена на искуства поврзани со процесите на дигитализација.

Во периодот од 17 до 19 септември 2025 година, делегација на КИРСМ учествуваше на меѓународната конференција „Спроведување: Право во акција за социјална еднаквост и економска стабилност“, одржана во Кишињев, Република Молдавија која се одржа во склоп на јубилејот 15 години од воспоставувањето на извршителскиот систем во Република Молдавија.

Во периодот од 19 до 21 ноември 2025 година, делегација на Комората на извршители на Република Северна Македонија (КИРСМ), предводена од Претседателот Весна Деловска и Претседателот на Надзорниот одбор Зорица Симиќ, учествуваше на настаните на Постојаниот совет на Меѓународната унија на судски извршители (UIHJ), одржани во Париз, Република Франција. Учеството беше насочено кон унапредување на меѓународната соработка, како и размена на искуства и добри практики во областа на извршувањето.

# 5.Односи на КИРСМ со домашни институции и регионална соработка

## А .Односи на КИРСМ со домашни институции

### Односи со Министерството за правда на РСМ

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РСМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРСМ беа доставени вкупно 37 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 11 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 26 надзори се спроведени по основ на месечен план на Министерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[2]

[2] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.




| | 2025 | 2024 | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно редовни надзори | 11 | 18 | 8 | 22 | 10 | 6 | 30 | 29 | 37 | 16 | 18 | 41 | 32 | 11 | 8 |
| Вкупно вонредни надзори | 26 | 18 | 12 | 16 | 10 | 22 | 14 | 9 | 13 | 14 | 58 | 66 | 72 | 71 | 57 |

## Б. Односи на КИРСМ со други домашни институции

Во текот на 2025 година, КИРСМ активно ја развиваше соработката со домашните институции преку обуки, семинари, работилници и стручно учество на настани, со цел унапредување на професионалните практики и дигиталните процеси во областа на извршувањето и правосудството.

Во продолжение се презентирани клучните активности и настани на кои КИРСМ и извршителите учествуваа во текот на годината:

- 17 јануари 2025 година се одржа онлајн работилница за заштита на лични податоци во граѓански и трговски спорови. На работилницата учествуваше извршителот Влатко Лалков, член на Управниот одбор на КИРСМ.
- 13 февруари 2025 година – Извршителот Зорица Симиќ од Скопје одржа обука за вработените во Катастар на недвижности – Скопје, со фокус на унапредување на знаењата и вештините во работењето со недвижности.
- 7–8 април 2025 година– Извршителката Зорица Симиќ учествуваше со предавање на семинар организиран од Комората на стечајни управници, со цел размена на професионални искуства и најдобри практики.
- 14–15 април 2025 година – Весна Јакимовска од Гостивар одржа стручно предавање на семинар на Комората на стечајни управници, со посебен акцент на практични примери и законски импликации.
- Септември 2025 година – Извршителите Зорица Симиќ, Александар Чамовски и Александар Максимовски активно учествуваа на работни состаноци и работилници со Агенцијата за катастар на недвижности. Настаните беа во рамки на процесот на изработка на детална спецификација за новата апликација „еКат Шалтер“, наменета за надворешни професионални корисници.

- 18–20 септември 2025 година – извршител Весна Јакимовска и извршител Зорица Симиќ во Струмица одржаа стручно предавање на едукативната платформа Јуридика Прима, со цел продлабочување на правните знаења и практичната примена на законот.
- 7 октомври 2025 година– Претставници на КИРСМ учествуваа на советување на тема „Платни налози, издавање и судска постапка“, организирано од Академијата за судии и јавни обвинители. Активно учество зедоа извршителите Дејан Костовски, Каролина Таневска и Димитар Ѓоршевски, обезбедувајќи практичен увид од секојдневната работа на извршителите.
- 30 октомври – 1 ноември 2025 година – Претседателот Весна Деловска учествуваше на панел-дискусија на тема „Реформи во трудовото право: актуелни прашања и проблеми во законодавството и судската пракса“ во организација на Јуридика Прима, со цел размена на искуства и идентификација на актуелни предизвици.
- 31 октомври 2025 година – По повод Светскиот ден на штедењето, во организација на Македонската банкарска асоцијација и Фондот за осигурување на депозити, на настанот присуствуваше извршителот Васко Блажевски.
- ноември 2025 – Претставници на КИРСМ учествуваа на советување организирано од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, одржано во Апелациониот суд Штип. Активно учество земаа извршителите Бране Милчески, Емилија Павловска и Маријана Кацарска Могилевска, со цел унапредување на соработката со правосудните органи.
- ноември 2025 година – Претседателката на КИРСМ, Весна Деловска, присуствуваше на одбележувањето на 74 години од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со цел поддршка на академската заедница и стручното образование.

## В. Регионална соработка

На 17.01.2025 година, во рамки на PACE проектот, МУСИ организираше онлајн работилница на тема „Заштита на лични податоци во граѓански и трговски спорови“, на која учество зема Влатко Лалков, член на Управниот одбор на КИРСМ.

Во период од 23 до 24.02.2025 во Струмица е одржана Регионална работилница за извршители на тема „Дисциплинска постапка и етика“ во рамки на проектот Матра-Зајакнување на извршувањето во Западен балкан поддржано од Центар за Меѓународна правна соработка (CILC)

Во периодот од 2 до 4 јули 2025 година, во Бар, Црна Гора, успешно се одржа Завршната конференција на BESp проектот. Настанот обедини претставници од Коморите од регионот и од Меѓународната унија на судски извршители МУСИ, кои имаа можност да ги сумираат резултатите од петгодишната соработка, да разменат искуства и идеи за идни заеднички иницијативи

Покрај тоа, во периодот од 4 до 6 декември 2025 година, делегација на КИРСМ, предводена од претседателот Весна Деловска и извршител Весна Јакимовска, учествуваше на одбележувањето на 20 години од основањето на Комора на приватни извршители на Бугарија, со што се зајакна регионалната соработка и размена на искуства.

## 6.Нормативна активност на Комората на извршители

Во оваа извештајна година, согласно Известувањето за почеток на процесот на подготовка на предлог закон за измена и дополнување на законот за извршување бр.( 09-610/1од 27.02.2025 година) на РСМ Министерството за правда, Комисија за нормативна дејност при КИРСМ одржа 4 (четири) седници.

На седница одржана на ден 12.02.2025 година, Комисијата за нормативна дејност ја утврди методологија за работа на предлог измени на Законот за извршување на начин што се оформуваат две работни групи. Првата работна група со задолжение да работи на основните одредби од законот, одредбите кои се однесуваат на извршувањето, испитот, прекршочни одредби, преодни и завршни одредби .Втората работна група со задолжение да работи на измените на законот за извршување, кој се однесува на делот 2 од законот извршување, извршување раздел 3 и 4 кои се однесуваат на сите видови парични и непарични извршувања .

На седниците одржани на ден 14.03.2025 година, на ден 10.04.2025 година и на ден 23.05.2025 година Комисијата активно работеше по сите одредби од законот. Во изготвувањето на предлог за изменување и дополнување на законот за извршување, Комисијата ги зема во предвид сите предлози од извршителите, пристигнати во 2024 и 2025 година. Комисијата усвои предлог за измена и дополнување на Законот за извршување, кои предлози се доставени до Министерство за правда на РСМ.

Во врска со Одлука на УО на КИРСМ дел. број. 02-375/16 од 10.09.2025 година на 266-та Седница на УО на КИРСМ одржана на ден 13.11.2025 година, разгледан е Извештај дел. бр. 03-424/1 од 24.10.2025 година изготвен од Претставници на КИРСМ, за учество во работна група при Министерство за правда, за изготвување на предлог за изменување и дополнување на законот за извршување.

За напред наведениот извештај и за работата претставниците на Комората во работната група при Министерството за правда, дополнително активно се дискутираше и на Семинар на извршители кој се одржа во период од 28-ми до 30-ти ноември 2025 година во Хотел „UNIQUE Resort and Spa“ – Охрид’’.

## 7.Односи на КИРСМ со други институции

Комората на извршители на РСМ до Државниот архив на РСМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РСМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРСМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2026 година.

## 8.Односи со медиумите

Во текот на извештајната година, Комисијата за односи со јавност на КИРСМ активно ја развиваше соработката со телевизиски, електронски и пишани медиуми. Целта на овие активности беше промоција на работата на Комората, подобрување на транспарентноста и овозможување на директна комуникација со јавноста.

Активностите вклучуваа организирани работилници за медиумски претставници, гостувања во поткасти и други јавни настапи, со што се продлабочи соработката со медиумите.

Гостувања и активности:

30.01.2025 – Медиумска работилница за извршители, организирана од CILC во Хотел Солун, Скопје, со учество на извршители.

25–26.02.2025 – Работилница за претставници на медиумите, организирана во партнерство со CILC.

06.02.2025 - изјава за ТВ 21 на Претседателот Весна Деловска.

04.03.2025 – Поткаст со Горан Теменугов, со учество на Претседателот Весна Деловска.

11.03.2025 – Поткаст со Ландов, на кој учествуваше Претседателот Весна Деловска.

## 9.Планови на Комората за 2026 година

Комората на извршители на РСМ во текот на 2026 година ќе продолжи со активности насочени кон унапредување и афирмација на извршителската професија, при што посебен акцент ќе биде ставен на одбележувањето на јубилејот – 20 години од основањето и работењето на извршителите и на Комората на извршители. По тој повод ќе се организираат свечени и стручни настани, конференции и активности со цел промоција на улогата и значењето на извршителите во правосудниот систем.

Во 2026 година ќе се интензивира континуираната соработка со Министерството за правда на РСМ, особено во делот на понатамошни измени и унапредувања на Законот за извршување.

Од аспект на нормативната активност, Комората ќе продолжи со усогласување и унапредување на своите внатрешни акти, со цел нивно прилагодување на современите потреби на професијата и законските решенија.

Комората ќе ја продолжи и ќе ја зајакне институционалната соработка со судовите, другите државни органи и сродните комори, со фокус на јакнење на правната сигурност, унапредување на судската пракса и обезбедување еднаква и доследна примена на Законот за извршување.

Во текот на 2026 година ќе продолжи активното учество во спроведувањето на Акцискиот план за развој на Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2024–2028 година, како и целосна имплементација и унапредување на единствениот софтверски систем за евиденција и водење на предметите кај извршителите и Комората.

Паралелно, Комората ќе работи на продлабочување на процесите на дигитализација преку поврзување на системите на извршителите со релевантните институции, приклучување кон интероперабилноста и создавање услови за поефикасно, побрзо и поекономично спроведување на извршните постапки.

Во рамки на јубилејната година, се планира и продолжување и интензивирање на регионалната и меѓународната соработка со коморите во регионот, како и активно учество во активности, обуки и настани организирани од Меѓународната унија на судски извршители – UIJH (МУСИ), со цел размена на искуства и промоција на македонската извршителска професија на меѓународно ниво.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>Претседател,<br>Весна Деловска